РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 640/4
25.04 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 11 - та седница одржана на ден 24 април 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-640/1 од 20.02.2019 година, односно не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Горан Мисовски.

Предметот со број 09-640/1 од 20.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-640/1 од 20.02.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Кристијан Мисовски, во постапка за вработување во Агенцијата за супервизија на осигурувањето, кое е син на пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Горан Мисовски.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Кристијан Мисовски.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 24 април 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не

се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи лицето Кристијан Мисовски, син на пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Горан Мисовски е вработено на работно место Соработник за теренска супервизија од 01.02.2019 година, по објавен Јавен оглас, каде што истото лице било единствен пријавен кандидат. Кристијан Мисовски на ден 19.02.2019 година по негово барање го раскинал договорот за вработување во Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Имено, од доставената документација, ДКСК утврди дека горенаведеното работно место Соработник за теренска супервизија не е наменски креирано непосредно пред вработувањето на лицето Кристијан Мисовски, односно било предвидено во Систематизацијата на работни места на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија, Горан Мисовски.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk